АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Јануари 2025** **Бр.01**

## Одржан завршен настан за Твининг проектот за зајакнување на капацитетите на АВМУ и МРТ



На 24 јануари, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Германската Фондација за меѓународна соработка (IRZ), одржаа заеднички настан со кој се заокружи Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“, финансиран од Европската Унија. Настанот го отвори проектниот лидер Холгер Албрих кој се осврна на важноста на проектот за АВМУ и МРТ, но и за двете земји Германија и Македонија.

Претседателот на Советот на АВМУ, Лазо Петрушевски, во воведното излагање нагласи: „особено значајна беше можноста одблиску да размениме знаења и искуства со релевантни институции и организации, пред се поради усогласувањето со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ кое се случи непосредно по започнувањето на проектот. Овие искуства ги адаптиравме на нашите услови и ги преточивме во подзаконски акти, насоки и водичи… Сите активности во рамки на проектот беа полезни за доследна имплементација на изменетата легислатива за медиуми“.

Главниот и одговорен уредник на првиот програмски сервис на МРТ Драган Николовски, додаде дека се непроценливи искуствата и знаењата кои ги стекнаа поединци од повеќе сектори, одделенија и организациски нивоа во МРТ и се заблагодари во име на над 600 вработени во Јавниот сервис за можноста да бидат дел од Твининг проектот.

Амбасадорот на ЕУ Микалис Рокас, посочи дека резултатите од проектот треба да бидат одржливи и дека за реформите неопходна е посветеност и постојана работа, особено во сферата на медиуми кои се есенцијални за демократијата во секое општество. Амбасадорката на Сојузна Република Германија, Петра Дрекслер говорејќи за заедничката посветеност за обезбедување слобода на изразување и основни права, истакна дека мора да продолжи унапредувањето на состојбите, бидејќи само така јавните радиодифузери можат да останат релевантни актери и регулаторите да ја исполнуваат својата надзорна улога на долг рок.

Постојаниот твининг советник Улрих Хермански, во својот говор ги претстави конечните резултати од проектните активности и посочи дека успешно се постигнати предвидените клучни резултати чија цел е зајакнување на капацитетите на АВМУ и на МРТ.

Во рамки на панел дискусијата „Дезинформации: како да се препознаат и да се спречат“ модераторот м-р Сашо Богдановски од АВМУ го промовираше Прирачникот за препознавање на дезинформации, подготвен во рамки на Твинингот, додека Марина Трајкова ги презентираше практичните алатки од Прирачникот, за препознавање на видеа и фотографии креирани со помош на вештачка интелигенција. Во дискусијата, Томас Ратхгеб, раководител на Одделението за медиумска писменост на државниот Институт за комуникации во Баден-Вуртемберг ја истакна важноста за справувањето со дезинформациите во проектот. Свое излагање имаа и Маја Стојанова, новинарка и уредничка во МРТ и др. Никола Пановски, професор по медицинска микробиологија кои зборуваа за злоупотребата на нивните имиња во реклами за медицински производи.

## Објавен Преглед на радија кои доброволно пријавија дека во 2025 година ќе емитуваат домашна музика

На 15 јануари, Агенцијата на својата веб страница го објави Прегледот на радија кои доброволно пријавија дека во 2025 година ќе емитуваат домашна музика. Законската можност за доброволно пријавување процент на емитување домашна музика ја искористија 14 радиостаници, од кои 1 радио на државно ниво, 5 регионални радија и 8 радија кои емитуваат програма на локално ниво.

Радијата кои доброволно пријавија колкав процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници ќе емитуваат на дневно ниво, добија намалување на надоместокот за дозвола соодветно на пријавениот процент.





## Надзори врз радиодифузери и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

Врз телевизиските програми на Јавниот сервис – МРТ 1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5, извршени се програмски и административни надзори за повеќе законски обврски: употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 12 часа програма на телевизијата, дневно емитување најмалку 40% изворно создадена програма како македонски аудио или аудиовизуелни дела, правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетните лица од програми што би можеле да им наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, заштита на личните податоци на малолетните лица, обезбедување квизови или други облици на наградно учество, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа, објава на импресум, идентификација на радиодифузер и информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. При надзорите беше констатирано дека МРТ 3 не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши два редовни и два вонредни програмски надзори за различни законски обврски врз операторот Мултимедија Нетворк Л од Гостивар. При едниот вонреден надзор беше констатирано дека спротивно на член 144 став 3 од ЗААВМУ, операторот кој според нотификацијата од АЕК може да врши дејност на територија на општините Гостивар, Врапчиште, Боговиње и Кичево, до Агенцијата не доставува сигнал со иста содржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници. Вториот вонреден надзор покажа дека операторот спротивно на член 143 став 1 од ЗААВМУ на територијата на општина Кичево го реемитува програмски сервис ТВ Коха кој од Агенцијата има добиено дозвола за емитување на регионално ниво за регион Д8 – Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино). При редовниот надзор беше констатирано дека спротивно на член 141 став 13 од ЗААВМУ на 21.01.2025 година, за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „HBO“, „HBO 2“, „ATV“, „Hayat Folk Box“, „Hayat 2“, „Hayat Music Box“, „Star“, „Kanal D“ и „Haberturk“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

Редовни програмски надзори беа извршени и врз операторите Кабел, Траншпед Трејд, Мултимедиа-Нет, Глобалсат, Бив Пирамида, Инел Интернационал, Пет Нет и Сигнал-Нет за почитувањето на обврските за регистрација на програмски сервиси, титлување на програмските сервиси кои ги реемитуват и за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитува задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис. При надзорите не се констатирани прекршувања на одредбите од ЗААВМУ.

### Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 3-та седница одржана на 29 јануари, поради непочитување на одредбите од ЗААВМУ изрече три мерки јавна опомена за кабелскиот оператор Мултимедија Нетворк Л. Едната мерка е изречена поради реемитување на програмски сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација издадена од Агенцијата, втората поради реемитување програмски сервис со дозвола за регионално емитување на територија што не е опфатена со неговото овластување и третата мерка поради недоставување сигнал со идентична содржина како онаа што им е достапна на нејзините претплатници, што е спротивно на законските одредби.

Советот на Агенцијата на 2-та седница одржана на 21 јануари, поради непочитување на одредбите од ЗААВМУ изрече мерки јавна опомена за ТВ Спектра и ТВ ДУЕ. Мерка јавна опомена на ТВ Спектра е изречена поради емитување програмски содржини на странски јазик без превод на македонски јазик и за неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, додека на ТВ ДУЕ поради недостиг на информации што треба да бидат достапни на корисниците.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018